ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 7.04.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Статутот на ТТК Банка АД Скопје**

**Член 1**

Во Статутот на ТТК Банка АД Скопје /пречистен текст/ бр. 02-7873/2 од 06.10.2022 година, се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во член 12 по ставот 1 се додаваат нови ставови 2, 3 и 4 и истите гласат:

"Собранието може да ја зголеми основната главнина со одлука за зголемување на основната главнина со преобразба на добивката, резервите и нераспределените (задржани) добивки коишто не биле распределени за дивиденда или за коишто не била определена друга намена.

Одлуката за зголемување на основната главнина со средствата на друштвото мора да е заснована на последната годишна сметка ревидирана од овластен ревизор за која ревизорот изразил мислење без резерва или мислење со резерва кое не ја доведува во прашање објективноста на годишната сметка, како и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, одобрени од собранието.

Акционерите имаат право на новоиздадените акции, сразмерно на учеството на нивните акции во дотогашната основна главнина."

2. По член 25-а се додава нов член 25-б кој гласи:

„ Секој акционер може за дел од дивидендата што е ставена на распределба или од авансот од дивидендата, да ја добие дивидендата односно авансот од дивидендата во пари или во акции.

Начините на плаќање на дивидендата ги утврдуваат акционерите на собрание".

**Член 2**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и/или дополнувања на оваа одлука на барање на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да подготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила по усвојувањето од страна на Собранието на Банката и по издавањето на претходна согласност од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Собрание на акционери на Банката**

**Претседавач**

______________________________

**О б р а з л о ж е н и е**
**на потребата за измени и дополнувања на Статутот на ТТК БАНКА АД Скопје**

Со Предлог - одлуката за измени и дополнувања на Статутот на ТТК БАНКА АД Скопје (пречистен текст) бр. 02-7873/2 од 06.10.2022 година се вршат измени и дополнувања на Статутот коишто се однесуваат на следново:

Со предложените измени се разработува делот од Статутот за зголемување на основната главнина со средствата од Банката со издавање на нови акции.

Предложените измени предвидуваат можност секој акционер за дел од дивидендата што е ставена на распределба или од авансот од дивидендата, да ја добие дивидендата, односно авансот од дивидендата во пари или во акции. Начинот на исплата на дивиденда ќе се утврдува со Одлука на Собрание на акционери.

Со ваквата измена Статутот на Банката се усогласува со член 488 а во врска со член 439 од Законот за трговски друштва, со што би се овозможило остварената добивка на Банката на акционерите да им исплаќа во пари или акции. Ваквата можност за исплата на дивиденда во акции а преку зголемување на основната главнина на Банката би значело нејзино капитално зајакнување.

Во согласност со наведеното се наметна потребата за измена на Статутот, поради што се предлага Собранието на Банката да ја донесе Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на ТТК Банка АД Скопје.

НАДЗОРЕН ОДБОР